

# ТОНИ ДИМОВСКИ

Еден од фундаменталните принципи на зенот и јапонската уметност е тој: каде што и празнината се подразбира како семоќна, бидејќи во себе содржи сé. Зад нејзината неодреденост е затскриен предизвикот кон реципиентот делумно назначената идеја да се дополни со смислата на духовна надградба.

Тони Димовски во своите графички листови доследно го спроведува ваквото определување. Техниката во која се изразува - длабокиот печат, ја засилува поетичноста на конечната претстава во толкувањето на инаку дисциплинирано подредени и ритмирани ликовни форми - знаци.

Недвосмислен впечаток кој до сега го имам формирано следејќи го развојниот пат на Димовски, најјасно е дефиниран во ставот; да се следи доследно и сериозно иманентниот порив и стремежот да се чекори цврсто по нагорниот пат на творечката надградба.

Тони Димовски ја претпочита и чувствува поврзаноста кон естетиката на рафинираниот минимализам. Внимателно ги подредува обезбоените благо рељефни или тонско обработени површини и низ различно реплицирање на плановите ги воведува во поинакви визуелни димензии.

Графичките листови на Димовски изискуваат набљудувач кој ќе е подготвен со видот и духот да ја восприми таа вплотеност на каузалните односи на просторот, знакот, рељефноста предизвикувајќи чувство на телесност.

Иконографската репетитивност, мултипликација на истиот мотив, води кон едно фино ритмизирање чии поединечни графички сегменти - импресии ја добиваат својата полна семантичка вредност во заедништво со останатите графички сегменти - импресии.

Графиките на Димовски исчитуваат своевидна онтологија, наука за битието во уметноста, збиена во силни и чисти референци. Секој негов графички труд врши мала интеграција на различни системи на семантички нивоа. Секогаш постои диференцијација на базичните ритмови на тродимензионален пробив во "под" или "над" просторниот еквивалент.

Просторот во тие графики има енергија и исполнетост на простор за желби и просветлување, а во исто време, простор во кој се соочуваме со темнината на последната ноќ.

Поигрувајќи се во воспоставувањето на конечниот идентитет, изгледот на графичката слика се претвора во моќен енигматски концепт. Тој постанува одредувач на некаков поразличен простор од оној кој е сугериран од елементите на материјалниот, реален амбиент.

Мирко Вујисиќ



Знак I - комбинирана техника
Sign I - mixed



Композиција I - комбинирана техника
Composition I - mixed



Полиптих II - едканица
Poliptih II - etching



Знак V - комбинирана техника
Sign V - mixed



Диптих II - комбинирана техника
Diptih II - mixed



Знак X - комбинирана техника
Sign X - mixed



KB 530/2 - комбинирана техника
KV 530/2 - mixed



Шест сиви квадрати - комбинирана техника
Six grey squares - mixed



Бел знак - комбинирана техника
White sign - mixed

## ТОНИ ДИМОВСКИ

Роден во Куманово 1969 год. Дипломирал на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје 1995 год., на Педагошки - графика во класата на проф. Димче Николов. Од 1999 год. е на постдипломски студии на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје под менторство на проф. Мирко Вујисиќ.

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

**1995** Дипломирани студенти - Дом на АРМ - Скопје, Мајски салон - Куманово, Кумановски ликовни уметници - Куманово, МАК-ГРАФ 95 - Скопје

**1996** Ликовна колонија - Куманово 96, Графичка колонија - Гевгелија, Кумановски ликовни уметници - Куманово

**1997** Второ меѓународно графичко триенале - Битола, Деветто меѓународно графичко биенале - Варна, Р. Бугарија, Македонски ликовни уметници - Гадир галерија Кувајт, Графичка колонија - Гевгелија, Трето меѓународно графичко биенале на мал формат - Лесковац, СР Југославија, Кумановски ликовни уметници - Куманово

**1998** Ликовна колонија - Куманово 98, Графичка колонија - Гевгелија, Кумановски ликовни уметници - Куманово

**1999** Петто меѓународно биенале на графика - Гиор, Унгарија, Ликовна колонија - Охрид 99, Интернационална ликовна колонија "Делиблатски песок 99", Панчево - СР Југославија, Ликовна колонија "Куманово 99", Четврто меѓународно графичко биенале на мал формат - Лесковац, СР Југославија, Кумановски ликовни уметници

Издавач: Народен музеј Куманово
Уредник: Јовица Станковски
Организација: Јасмина Зисовска
Перо Величковски
Текст: Проф. доц. Мирко Вујисиќ
Дизајн: Тони Димовски
Фотографија, подготовка и печат: "Бато принт"
Тираж: 500
Уметничка галерија - Куманово, декември 1999

## TONI DIMOVSKI

Born in Kumanovo 1969. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje 1995. Printmaking Department in the class of prof. Dimce Nikolov. Since 1999 a post-graduate student at the FFA - Skopje, with prof. Mirko Vujisic as a mentor.

Address: "Blage Iliev Gune" Str. 12-2/7 Kumanovo, Macedonia
Tel. ++389(0)901/31-484, 465-088

## EXHIBITIONS:

**1995** Graduated Students on FFA - Skopje, May exhibition - Kumanovo, Visual artists from Kumanovo, MAK-GRAF 95 - Skopje

**1996** Art colony - Kumanovo, Graphic Art colony - Gevgelija, Visual artists from Kumanovo

**1997** II International Triennial of Graphic Art - Bitola, Macedonia, IX International Print Biennial - Varna, Bulgaria, Macedonian Artists in Kuwait - Ghadir Gallery, Kuwait, Graphic Art colony - Gevgelija, III International Biennial of Miniature Prints - Leskovac, Yugoslavia, Visual artists from Kumanovo

**1998** Art colony - Kumanovo, Graphic Art colony - Gevgelija, Visual artists from Kumanovo

**1999** V International Biennial of Graphic Art - Györ, Hungary, Art colony - Ohrid, Macedonia, International Art colony - Deliblatski pesak - Pancevo, Yugoslavia, Art colony - Kumanovo, IV International Biennial of Miniature Prints - Leskovac, Yugoslavia, Visual artists from Kumanovo

Publisher: National Museum - Kumanovo
Editor: Jovica Stankovski
Organisation: Jasmina Zisovska,
Pero Velickovski
Text: Prof. doc. Mirko Vujisic
Design: Toni Dimovski
Photography, pre-press and print: "Bato print"
Copies: 500
Art Gallery - Kumanovo, December 1999



*БЛАГОДАРНОСТ НА:*

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РМ**
**АВТО ВЕЛИНОВСКИ**
**УНИГРАФ**
**Сендвичара "ДИБЕК"**
**Ѓоко Велков**
**Јасмина Зисовска**